тех. бр. 132/22-У

ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
email: zumproekt@zumproekt.mk

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје
mail: zumproekt@zumproekt.mk

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ НА ДЕЛОВИ ОД КП 478/2, 478/11 И 479/1 И ПРИСТАПНА УЛИЦА НА ДЕЛОВИ ОД КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 И 480/1, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ

Управител:
Иво Ѓорѓиев

Ivo Gjorgjiev

Digitally signed by Ivo Gjorgjiev
DN: C=MK, OU=VAT - 4030002602424, OID.2.5.4.97=NTRMK-6135897, O=ZUM PROEKT, SERIALNUMBER=182866, T=Ovlasteno lice, SN=Gjorgjiev, G=Ivo, CN=Ivo Gjorgjiev
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023.10.28 12:10:53

Скопје, Октомври 2023

ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
email: zumproekt@zumproekt.mk

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР

ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ НА ДЕЛОВИ ОД КП 478/2, 478/11 И 479/1 И ПРИСТАПНА УЛИЦА НА ДЕЛОВИ ОД КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 И 480/1, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ

НАРАЧАТЕЛ: Владимир Штрбац и Илија Деспотовски

ИЗРАБОТУВАЧ: ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР “ЗУМ ПРОЕКТ” ДОО Скопје

ТЕХ. БРОЈ: 132/22-У

УПРАВИТЕЛ: раководител и планер
потписник на урбанистички проект
Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0101

СОРАБОТНИК: Нина Смрајц,
дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0310

Марија Салтирова Јовановска,
дипл. инж. арх.
број на овластување 0.0359

Анѓела Ѓорѓиева, дипл.инж.арх.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150120230020461

Датум и време: 7.8.2023 г. 13:20:05

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6135897
Назив:	Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.59-1/1-МЕЗАНИН СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150120230020460

Датум и време: 7.8.2023 г. 13:19:53

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6135897
Целосен назив:	Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Кратко име:	ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.59-1/1-МЕЗАНИН СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	24.1.2002 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4030002602424
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	155.177,00
Уплатен дел MKD:	155.177,00
Вкупно основна главнина MKD:	155.177,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ИВО ЃОРЃИЕВ
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	82.098,00

Уплатен дел MKD:	82.098,00
Вкупен влог MKD:	82.098,00

Име и презиме/Назив:	АНА ЃОРЃИЕВА
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	73.079,00
Уплатен дел MKD:	73.079,00
Вкупен влог MKD:	73.079,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	надворешна трговија со прехрамбени производи надворешна трговија со непрехрамбени производи посредување и застапување во прометот со стоки и услуги посредување и застапување во услужните дејности реекспорт консигнација агенциски услуги во транспортот комисиони работи туристички работи и услуги меѓународен транспорт на стоки и патници меѓународна шпедиција застапување на странски фирми деловни и менаџмент консултански активности

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

Име и презиме:	ИВО ЃОРЃИЕВ
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122-А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Овластувања:	Управител без ограничување - занимање: ВСС
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	zumproekt@zumproekt.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
на
Друштво за проектирање, ревизија и надзор
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ БР.59-1/1-МЕЗАНИН
СКОПЈЕ- АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ
ЕМБС: 6135897

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број: 0058
25.11.2021 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Благој Бочварски

ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
email: zumproekt@zumproekt.mk

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје
mail: zumproekt@zumproekt.mk

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/20), а во врска со изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ, ЗУМ ПРОЕКТ доо Скопје, го издава следното:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР

За изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/2, 478/11 и 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци, Општина Карпош, како планер се назначува:

1. Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх.број на овластување 0.0101
2. Нина Смрајц, дипл.инж.арх.број на овластување 0.0310
3. Марија Салтирова Јовановска, дипл. инж. арх.број на овластување 0.0359

Соработник:

4. Анѓела Ѓорѓиева, дипл.инж.арх.

Планерите се должни УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ да го изработат согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Управител:
Иво Ѓорѓиев.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ИВО ЃОРЃИЕВ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0101**

Издадено на: 16.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

МАРИЈА САЛТИРОВА ЈОВАНОВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0359

Издадено на: 25.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

НИНА СМРАЈЦ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0310

Издадено на: 16.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ - СКОПЈЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН - СКОПЈЕ

Основач на високообразовната установа
АКС МЕНАЏМЕНТ

Број и датум на решението за почеток со работа
издадено од Министерството за образование и наука
Бр.12 - 6816/5 од 24.10.2007

ДИПЛОМА

за завршен прв циклус на студии

Ангела Иво Ѓорѓиева

(име, име на родител и презиме на студентот)

роден/а 29.09.1998 во Скопје (место) Скопје (општина) Република Македонија (држава)

завршил/а академски студии по Архитектура

(вид и назив на студиската програма и насока)

ниво на квалификација VI Б вкупно ЕКТС 186 кредити и просечна оценка B- (2.73) и се стекна со академски назив

Дипломиран инженер архитект (академски назив)

Bachelor of Science (BSc) (академско звање на меѓународен јазик)

Серискиот број на дипломата 1964

Број и датум на дипломата од Главната книга за
дипломирани студенти на прв циклус на студии
31/19 02.07.2019

Место и датум на издавање на дипломата
Скопје, 05.10.2019

проф. д-р Мишко Ралев
Декан

проф. д-р Томе Новоски
Ректор

СОДРЖИНА НА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ НА ДЕЛОВИ ОД КП 478/2, 478/11 И 479/1 И ПРИСТАПНА УЛИЦА НА ДЕЛОВИ ОД КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 И 480/1, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ

Содржина:

1. Општ дел

- Потврда за регистрирана дејност
- Лиценца за изработување на урбанистички планови
- Решение за назначување на планери
- Овластувања за изработување на урбанистички планови на назначените планери

Урбанистички проект:
3. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
ВОВЕД
3.1. Површина и опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје
3.2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина
3.3. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на проектниот опфат, на проектни решенија и на нивното спроведување: географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатолошки, хидрографски, хидролошки податоци, природни ресурси, заштитени екосистеми и друго
3.4. Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на проектенот опфат: културно, историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и други чинители
3.5. Инвентаризација на: земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат

3.6. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго
3.7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура: сообраќајните, електричните, канализациските, водоводните, поштенските, гасоводните, топловодните, телефонските и другите водови и објекти
3.8. Други податоци од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање, релевантни за подрачјето во проектенот опфат
Извод од план од повисоко ниво

4. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
Графички дел

1. Услови за планирање и Решение
2. Ситуација со пошироко опкружување
3. Сателитска снимка
4. Поставеност на проектниот опфат во однос на важечкиот Урбанистички План за Село Бардовци (одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 год.)
5. Ажурирана геодетска подлога
6. Карта на изграден градежен фонт, комунална супраструкутра и комунална инфраструктура

5.ПЛАНСКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ
ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

5.1 Проектна програма
5.2 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат
5.3 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежните парцели, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби
Сообраќајна и комунална инфраструктура
Сообраќаен план
Нивелациски план
Хидротехничка инфраструктура
Електрика
Хортикултура
5.4 Детални услови за проектирање и градење
5.5 Мерки за заштита на животна средина
5.6 Мерки за за заштита и спасување
5.7 Мерки за заштита на природното наследство
5.8 Мерки за заштита на културно - историско наследство

6. ПЛАНСКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Графички дел (1:500)

1. Урбанистичко решение за проектниот опфат (План на намена на земјиштето и градбите)
2. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Регулационен план)
3. Урбанистичко решение за проектниот опфат (површини за градење)
4. Урбанистичко решение за проектниот опфат (сообраќај и нивлеманско решение)
5. Урбанистичко решение за проектниот опфат (приклучни точки и инфраструктура)
6. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Синтезен приказ)

3.УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

Постапка за изготвување на ***Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/2, 478/11 и 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци, Општина Карпош***, е покрената по барање инвеститорите Владимир Штрбац и Илија Деспотовски.

Урбанистичкиот проект е изработен согласно член 62 Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 32/20), Правилник за урбанистичко планирање Сл. весник на РМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23), Законот за урбано зеленило („Сл. весник на РМ" бр.11/18, 42/20) како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на планската документација. Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост и потенцилајните можности за понатамошно користење на просторот.

Документационата основа е изработена врз основа на:

- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма;
- Теренско снимање на просторот од страна на стручна екипа на извршителот;
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Елаборат за нумерички податоци;
- Постојна урбанистичка документација.

Документационата основа содржи:

- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комунална инфраструктура;
- Анализа на досегашната урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој.

3.1. Површина и опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје

Проектниот опфат зафаќа делови од КП 478/2, 478/11 и 479/1 и во неговите рамки е панирана пристапна улица на делови од кп 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци. Големината на опфатот е одреден согласно потребите на предвидените градби, со обезбедување на соодветен простор за непречено понатамошно функционирање.

Примарна цел на урбанистичкиот проект е дефинирање на шест (6) градежни парцели на дел од КП 478/2, 478/11 и 479/1, КО Бардовци и овозможување на изградба на објекти – викенд куќи.

Сообраќајниот пристап е овозможен преку планирана пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци, која се надоврзува на претходно планирана сообраќајница со Урбанистички План за Село Бардовци (одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014г) профил 1 – Станбена Улица „Е".

Границата на проектниот опфат се движи како што следи:

- на **исток** границата започнува од најсеверната точка 1 и се движи сечејќи ги КП 477/2 и КП 477/1, КО Бардовци, отпрвин во источен правец до најисточната точка 17, а потоа во јужен правец до точката 45.

- на **југ** границата се движи во западен правец сечејќи ги КП 477/1 и КП 480/1, КО Бардовци, сè до најјужната точка 62.
- на **запад** границата се движи во северен правец сечејќи ги КП 480/1, КП 479/1, 478/11, КП 478/1 и КП 478/2, КО Бардовци, сè до најзападната точка 66.
- на **север** започнува од најзападната точка 66 и се движи сечејќи ги КП 478/2, КП 478/1 и КП 477/1, КО Бардовци, отпрвин во источен правец до точката 88, а потоа во северен правец, сè до почетната точка 1.

Границата на проектниот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка како што следи:

Ред. бр.	**Y**	**X**	
1	7531734,32794654792,2686		НАЈСЕВЕРНА
2	7531734,82444654792,2572		
3	7531735,82414654792,2318		
4	7531736,82374654792,2031		
5	7531737,82324654792,1710		
6	7531738,82264654792,1355		
7	7531739,82184654792,0968		
8	7531740,82094654792,0547		
9	7531741,81994654792,0093		
10	7531742,81874654791,9605		
11	7531743,81734654791,9085		
12	7531744,81584654791,8531		
13	7531745,81414654791,7943		
14	7531746,81214654791,7323		
15	7531747,81004654791,6669		
16	7531748,80764654791,5982		
17	7531749,80504654791,5262		НАЈИСТОЧНА
18	7531748,95004654791,0081		
19	7531748,14114654790,4207		
20	7531747,38394654789,7680		
21	7531746,68364654789,0545		
22	7531746,04524654788,2852		
23	7531745,45794654787,4437		
24	7531741,23824654780,5888		
25	7531740,72834654779,7286		
26	7531740,24744654778,8519		
27	7531739,79594654777,9597		
28	7531739,37444654777,0529		
29	7531738,98344654776,1326		
30	7531738,62324654775,1997		
31	7531738,29434654774,2554		
32	7531737,99714654773,3006		
33	7531737,73194654772,3365		
34	7531737,49904654771,3640		
35	7531737,29864654770,3844		
36	7531737,13094654769,3986		
37	7531736,99624654768,4077		
38	7531736,89464654767,4130		
39	7531736,82624654766,4153		
40	7531736,79114654765,4160		
41	7531736,78934654764,4161		
42	7531736,82094654763,4166		
43	7531736,88574654762,4188		
44	7531736,96444654761,5963		
45	7531746,93114654670,6009		
46	7531740,30084654668,9115		
47	7531739,54624654669,5659		
48	7531738,69354654670,0860		
49	7531737,76634654670,4575		
50	7531736,79034654670,6700		
51	7531735,79264654670,7176		
52	7531734,80084654670,5990		
53	7531734,52484654670,5356		
54	7531692,66464654659,8697		
55	7531691,72064654659,5434		
56	7531690,84384654659,0649		
57	7531690,05854654658,4477		
58	7531689,38654654657,7087		
59	7531688,84644654656,8685		
60	7531688,45314654655,9503		
61	7531688,37014654655,6796		
62	7531682,46224654654,1743		НАЈЈУЖНА
63	7531681,49874654659,8625		
64	7531676,68534654688,2816		
65	7531676,19684654691,1655		
66	7531670,91994654722,3213		НАЈЗАПАДНА
67	7531676,34274654723,2398		
68	7531676,83914654720,3089		
69	7531677,08734654719,3414		
70	7531677,49254654718,4285		
71	7531678,04364654717,5954		
72	7531678,72534654716,8653		
73	7531679,51864654716,2584		
74	7531680,40174654715,7916		
75	7531681,34994654715,4777		
76	7531682,33714654715,3254		

77	7531683,33584654715,3391	96	7531730,10454654776,5335
78	7531683,85114654715,4119	97	7531733,34984654776,7904
79	7531729,96574654723,9823	98	7531733,63254654777,5550
80	7531730,92914654724,2459	99	7531734,00324654778,4837
81	7531731,83544654724,6657	100	7531734,39984654779,4017
82	7531732,65964654725,2300	101	7531734,54524654779,7212
83	7531733,37874654725,9232	102	7531734,97654654780,6234
84	7531733,97284654726,7262	103	7531735,43304654781,5131
85	7531734,42554654727,6165	104	7531735,91444654782,3895
86	7531734,72424654728,5697	105	7531736,35254654783,2877
87	7531734,86074654729,5591	106	7531736,67534654784,2335
88	7531734,83374654730,5345	107	7531736,87764654785,2121
89	7531731,49714654760,9974	108	7531736,95634654786,2084
90	7531731,46714654761,2820	109	7531736,91024654787,2067
91	7531731,38024654762,2781	110	7531736,74004654788,1914
92	7531731,32154654763,2764	111	7531736,44844654789,1473
93	7531731,29094654764,2759	112	7531736,03984654790,0593
94	7531731,28844654765,2758	113	7531735,52084654790,9133
95	7531731,31424654766,2755	114	7531734,89934654791,6959

Најсеверна е точката со број **1**, со координати Y=7531734,3279 и X=4654792,2686.
Најисточна е точката со број **17**, со координати Y=7531749,8050 и X=4654791,5262.
Најјужна е точката со број **62**, со координати Y=7531682,4622 и X=4654654,1743.
Најзападна е точката со број **66**, со координати Y=7531670,9199 и X=4654722,3213.

Вкупната површина на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **4257m²**, односно **0,426 ha**. Периметарот на проектниот опфат изнесува **419,70m'**.

3.2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина

За предметниот опфат нема одобрена претходна урбанистичка документација. Предметниот проектен опфат тангира со Урбанистички План за Село Бардовци (одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 год.) и за истиот е доставен извод од план. Прибавени се Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, со број Y03023 од април 2023г издадени од страна на Агенција за планирање на просторот и Решение за Услови за планирање на просторот со број УП1-15 789/2023г од 13.04.2023г од Министерство за животна средина, а се однесуваат на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1 со намена А4.3 – Викенд куќи кои се основа за дефинирање на градежните парцели.

3.3. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на проектниот опфат, на проектни решенија и на нивното спроведување: географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатолошки, хидрографски, хидролошки податоци, природни ресурси, заштитени екосистеми и друго

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и слично.

3.3.1. Микроклима

Ова подрачје е под влијание на континентална средоземна клима. Тука се судруваат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими како и суви и жешки лета.

Теренот е изложен на западниот (W) и западно југозападниот (SW) ветар. Со најголема честина е западниот ветар од 180‰ и со брзина од 2,6м/s, па западно југозападниот (SW) ветар со честина од 123‰ и со брзина од 2,7м/s, северозападниот (NW) со честина од 120‰ и брзина од 4,2м/s, западно северозападниот (WNW) 112‰ и брзина од 3,0м/s, источен југоисточен (ESE) 84‰ и брзина од 2,8м/sек, север северозапад (NNW) 80‰ и брзина од 3,7м/s, југоисточен 62‰ и брзина од 2,2м/s и источниот со честина од 41‰ и брзина од 2,8м/s. Другите правци се со помала честина, а најмала е тишината со 7‰. Температурите на воздухот се со идентични вредности како во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули со тоа што поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 22 денови и се карактеристични утринските мразеви до крајот на април. Просечниот атмосверски притисок на годишно ниво изнесува 981,4HPa. Вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 446,4mm со максимум во ноември мај и јуни. Сушниот период трае од јули до септември со честа појава на сушни периоди подолги од 60 дена. Просечен број на ведри денови во текот на годината има 83, а тмурни денови 91. Релативната влажност на воздухот изнесува 67%. Просечна годишна температура изнесува 12,7°C, просечната годишна максимална температура 18,1°C, а минималната 7,1°C. Апсолутно максимална температура е измерена на 24.07.2007год. и изнесувала 43,4°C, а апсолутно минимална температура изнесувала -21°C на 13.01.1985год. Податоците се од мерна станица Зајчев Рид.

3.3.2. Сеизмика на просторот

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII - X степени на МКС -64).

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од против пожарна станици во Ѓорче Петров, кои се на оддалеченост од локацијата на 5км (приближно 10 минути).

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се поплавите, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на поплави првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е

да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби;

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на град, луњени ветрови и магли.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко- технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокаата животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- - Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

3.4. Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на проектенот опфат: културно, историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и други чинители

Согласно податоците од Агенција за катастар на недвижности и Геодетски елаборат за дел од кп 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 479/1, 478/11 и 480/1, КО Бардовци катастарските парцели претставуваат неизградено земјиште.

Документациона состојба		
Намена на земјиште	Површина (м2)	%
Неизградено земјиште	4257 m2	100%

Согласно скица од Известување од ЕВН Електродистрибуција со број 10-25/2-321 од 11.05.2023г во непосредна близина на западната страна од проектниот опфат има постојни електроенергетски мрежи и истите се внесени во графичкиот дел.

Согласно допис од Дирекција за заштита и спасување ПО Карпош со број 09-115/2 од 17.05.2023г има посебни услови кои се вградени во текстуалниот дел и прописи кои се следат при изработката на планското решение во графичкиот дел.

Согласно добиеното писмо од Агенција за цивилно воздухопловство со бр. 12-8/680 од 12.05.2023 година планскиот опфат / објектот се наоѓа во зона на спортски аеродром Скопје-Стенковец, на 2725м цца јужно од референтната точка на аеродромот во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки чија елевација изнесува 363 мнв. Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба: Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 3б3мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектна документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство. (“Службен весник на РМ” бр. 48/2020 - пречистен текст);

Согласно добиеното писмо од НОМАГАС (15-2369/2 од 12.05.2023) на наведениот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Согласно добиеното писмо од ЈП Водовод и канализација со бр 1302-1369/2 од 15.05.2023г на предметниот проектен опфат има постојни инсталации на западната страна во непосредна близина на проектниот опфат и истите се нанесени во графичките прилози.

Согласно добиеното писмо од МЕПСО со бр 11-3047/1 од 16.05.2023г предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

За просторот потребно е дооформување и дополна со осовременување на инфраструктурните системи со што потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- повисоки естетски вредности;
- соодветна комунална инфраструктура;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи;

3.4.1. Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно- временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект. Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката. Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

3.4.2. Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој. Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требениште-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ
- **М-4** - (АЛ - ГП Ќафасан - Струга - Кичево - Скопје - Миладиновци - М-1).

Врз основа на „Одлуката за категоризација на државните патишта" овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А2** - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар-Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требениште - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат *регионалните патишта,* што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирањето да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).

Железнички сообраќај

Концепцијата за развој на железничкиот систем базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија. Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР 213,5 км
- **СР - Блаце-Скопје 31,7км**
- СР -Кременица-Битола-Велес 145,6 км
- БГ -Крива Паланка-Куманово 84,7 км
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје 143,0 км

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и ременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

Воздушен сообраќај

Воздушните патишта во Државата се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Државата треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-И категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15, аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Согласно добиеното писмо од Агенција за цивилно воздухопловство со бр. 12-8/681 од 12.05.2023 година планскиот опфат / објектот се наоѓа во зона на спортски аеродром Скопје-Стенковец, на 2725м цца јужно од референтната точка на аеродромот во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки чија елевација изнесува 363 мнв. Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба: Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 363мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектна документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство. ("Службен весник на РМ" бр. 48/2020);

3.4.3. Телекомуникациска мрежа

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење. Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во државата се: М-Телеком А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката
- инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриен е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори. Во близина на локацијата нема постојни телекомуникациски инфраструктури и столбови.

Кабелска електронска комуникациска мрежа

Кабелска електронска комуникациска мрежа се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува

работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги. Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи, унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Карпош.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Мbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Мbps.

За новопланираните градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
478	11	РУПА	зз	н	4	163	СОСОПСТВЕНОСТ			1113-6365/2023	27.06.2023 11:47:41

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
зз	Плодните земјишта
н	Нива
***	СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ, ЕМБГ/ЕМБС ПРЕТСТАВУВА ЛИЧЕН ПОДАТОК И ПОРАДИ ТОА ИСТИОТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРИКАЖЕ

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од имотниот лист

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-171043/2023 од 10.09.2023 18:30:56

1105-171043/2023

ИМОТЕН ЛИСТ број: 49807 ПРЕПИС
Катастарска општина: БАРДОВЦИ

М.П.

Овластено лице:
Дистрибутивен систем на АКН
име и презиме, потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-162578/2023 од 24.08.2023 18:38:23

1105-162578/2023

ИМОТЕН ЛИСТ број: 3858 ПРЕПИС
Катастарска општина: БАРДОВЦИ

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред.бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	***	ВЛАДИМИР ШТРБАЦ	6 70, БАРДОВЦИ	1/2	Солемнизација - Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ.бр.255/22 од 09.06.2022 од Нотар Дејан Павлоски	1112-14264/2022	13.06.2022 13:08:46
2	***	ИЛИЈА ДЕСПОТОВСКИ	6 55, БАРДОВЦИ	1/2	Солемнизација - Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ.бр.255/22 од 09.06.2022 од Нотар Дејан Павлоски	1112-14264/2022	13.06.2022 13:08:46

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
			култура		класа						
основен	дел										
478	2	БЕЛУШКА	зз	н	4	3961	СОСОПСТВЕНОСТ			1112-14264/2022	13.06.2022 13:08:46
479	1	РУПА	зз	лз	2	1905	СОСОПСТВЕНОСТ			1112-14264/2022	13.06.2022 13:08:46

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
лз	Лозја
зз	Плодните земјишта
н	Нива
***	СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ, ЕМБГ/ЕМБС ПРЕТСТАВУВА ЛИЧЕН ПОДАТОК И ПОРАДИ ТОА ИСТИОТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРИКАЖЕ

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од имотниот лист

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-162578/2023 од 24.08.2023 18:38:23

1105-162578/2023

ИМОТЕН ЛИСТ број: 3858 ПРЕПИС
Катастарска општина: БАРДОВЦИ

М.П.

Овластено лице:
Дистрибутивен систем на АКН
име и презиме, потпис

Број: 45-7711/2
Датум: 22.11.2022
Скопје

ДО: Владимир Штрбац
Илија Деспотовски

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за одобрување на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена времен престој – викенд куќи и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 479/1 и 480/1 КО Бардовци, Општина Карпош, Ве известуваме следново:

Стручната комисија за урбанизам формирана од Градоначалник со Решение бр. 11-4684/1 од 31.05.2022 година, ја разгледа иницијативата за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план поднесена од Ваша страна. Согласно разгледаното, Комисијата условно ја **прифати** иницијативата за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена времен престој – викенд куќи и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 479/1 и 480/1 КО Бардовци, Општина Карпош,** и постапката за истата може да продолжи доколку бидат отстранети следните недостатоци:

- Во насловот прецизно да се дефинира намената на планираните објекти,
- Да се корегира дефинираниот проектен опфат во однос на катастарските парцели и деловите на истите кои влегуваат во рамки на проектниот опфат (КП 478/2 КО Бардовци влегува со дел во проектниот опфат).

Постапката за одобрување на Урбанистички проект се спроведува во електронска форма преку системот Е-урбанизам согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20).

КОМИСИЈА:

1. Елеонора Стојановска, диа ELEONORA STOJANOVSKA Digitally signed by ELEONORA STOJANOVSKA Date: 2022.12.07 13:13:22 +01'00'
2. Гордана Силјаноска, диа GORDANA SILJANOSKA

3. Искра Ефремова, диа Iskra Efremova

4. Игор Поповски, диа Igor Popovski

5. Константин Димитровски, диа Konstantin Dimitrovski

ПРЕТХОДНИ УСЛОВИ
ОД НАДЛЕЖНИ СУБЈЕКТИ

ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302 - 1369/2
Дата data 15 -05- 2023
СКОПЈЕ - SHKUP

До:"ЗУМ ПРОЕКТ" ДОО Скопје
Бул. "Јане Сандански" бр.59-1/1, 1000 Скопје
Предмет: 1302-1369/1 од 11.05.2023
Дата:12.05.2023

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со број 132/22-У од 10.05.2023 год. креирано на страната на е-урбанизам на 10.05.2023 год. и заведено кај нас под бр.1302-1369/1 од 11.05.2023 со кое не известувате дека за потребите на изработка на

Барање ПиМ за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/1, 478/2 и 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 479/1 и 480/1, КО Бардовци Општина Карпош (УП1) 1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,17 и блок 18 донесен со одлука бр.07-656/7 од 31.01.2014)

ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат (М = 1:1000) и барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате УП и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) **преку страната на системот е-урбанистчики планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за животната средина и користиме рециклирана хартија.
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО
за Скопје

- ситуација во М 1: 2500 во pdf формат во pdf формат со прикажана граница на планскиот опфат и нашата најблиска постоечка инсталација – водоводна мрежа што е дел од нашиот водоводен систем. Податоци за постоечка фекална канализација треба исто така да побарате од О.Карпош (постојат основни проекти), бидејќи таа е градена од страна на општината и ние сеуште ја немаме примено на одржување па затоа ја немаме вцртано во нашите подлоги.

Што се однесува до прикажување на предвидена хидротехничка инфраструктура на предметниот опфат, ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на важечка планска документација за Урбанистички план за село Бардовци со разработка на блокови и изработени Основни Проекти за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Карпош и секако решенијата од ГУП на Град Скопје, за што треба да се побараат податоци од О.Карпош.

НАПОМЕНА:

Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др.инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации" на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60м. односно 1.00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.

- Минимално растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од Ø 500 мм. а предвиден со ГУП на град Скопје-водоводен и канализационен систем да изнесува 5.0 м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø 500 мм. да изнесува 6.0 м.

-

НАПОМЕНА: Просторните податоци за линиските хидротехнички објекти , имаат важност 6 месеци од денот на издавањето.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Проверил:

М-р Хариклија Порчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ


КРСТ
РУПА
БЕЛУШКА
110
90
61
80
51
Бр. 1301-1369/1
12.05.2023 год.
1:2,500
ЛЕГЕНДА:
N

Архивски број: 09-115/2 од 17.05.2023 година

До Друштво за проектирање,ревизија и надзор.
"ЗУМ ПРОЕКТ" ДОО од Скопје
Бул. "Јане Сандански" бр.59-1/1 мезанин
1000 Скопје

Предмет: **Податоци и информации, доставува,-**
Врска: **Ваше барање бр. 132/23-У од 11.05.2023 година**

Согласночл. 70 став 2 од Законот за заштита и спасување – пречистен текст ("Службен весник на РСМ" бр. 93/12), и задолжувањето од Директорот на ДЗС бр. 02-2737/1 од 19.11.2020 година, Подрачното одделение за заштита и спасување Карпош при Секторот за оперативна и логистика во Дирекција за заштита и спасување, информира:

Почитувани,

Во врска со вашето барање доставено до нас на ден 11.05.2023 година, а за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/1, КП 478/2 и КП 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, КП477/2, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци Општина Карпош – Скопје,** ве известуваме дека не располагаме со постоечка ниту имаме планирана инфрастуктура.

Исто така, согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14), во прилог, Дирекција за заштита и спасување – Карпош ги доставува претходни услови за заштита и спасување, кои согласно Законо за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/11 и 93/12), Процена на загрозеност на опфат за кои се однесува деталниот урбанистички план, Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на проекти, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр.105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на документација:
Во делот кој треба да се наслови како МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (пратечки објекти,) треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Karposh

Ул."Михаил Цоков" бб
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

022033213
www.dzs.gov.mk
karpos@dzs.gov.mk

спасување (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување .

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини , нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на основниот проект, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Исто така, при проектирање на објектите, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи(Сл. Весник на РМ бр.32/11).

По вградувањето на претходните услови, проектната документација за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/1, КП 478/2 и КП 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, КП477/2, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци Општина Карпош – Скопје,** ве известуваме дека треба да се достави до Дирекција за заштита и спасување – подрачно Одделение за заштита и спасување Карпош, за да се добие позитивно мислење за застапеноста на мерките за заштита и спасување.

Со почит,

По овластување на Директорот
Слободан Стојчевски

Slobodan Stojchevski
Digitally signed by Slobodan Stojchevski
Date: 2023.05.17 09:50:06 +02'00'

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim

Ул."Михаил Цоков" бб
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn

022033213
www.dzs.gov.mk
karpos@dzs.gov.mk

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

ЗУМ ПРОЕКТ
бул.Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин
1000, Скопје

Бр.11-3047/1

16.05.2023

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.132/22-У од 09.05.2023 година, (наш број 11-3047 од 15.05.2023 година) за податоци и информации потребни за изработка **на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/1, 478/2 и 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 479/1 и 480/1, КО Бардовци Општина Карпош,** Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA
Date: 2023.05.16 15:26:52 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС и геодетски работи

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-25/2-321 од 11.05.2023
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев

Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 132/22-У од 09.05.2023 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/1, 478/2 и 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 479/1 и 480/1, КО Бардовци Општина Карпош, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго Низ опфатот нема евидентирано мрежа во сопственост на ЕВН.

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Gjorgji Polincev

Digitally signed by Gjorgji Polincev
Date: 2023.05.11 10:57:53 +02'00'

EVN Group

Датум: 11.05.2023



Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3117 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Akcionerско društvo za vršenje na energetska dejnost prenos
na priroden gas NOMAGAS Skopje во državna sopственост,
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike
përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

До: **ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје**

Бр. Nr. 15-2369/2
12-05-2023 год. viti.
Скопје-Shkup

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање на податоци и информации,** ваш бр.132/22-у од 09.05.2023 година

Согласно вашето Барање на податоци и информации, ваш бр.132/22-у од 09.05.2023 година, за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/1, 478/2 и 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 479/1 и 480/1, КО Бардовци Општина Карпош (УП1).

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Сашо Јовчески, 52140

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До:

ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје

бр. 12-8/680

Скопје, 12.05.2023 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 132/22-У од 09.05.2023 година
(e-urbanizam, постапка бр. 52140)

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/1, КП 478/2 и КП 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, КП 477/2, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци, Општина Карпош

при што утврдија дека предметниот опфат / објект се наоѓа **во зона** на Спортскиот аеродром Скопје - Стенковец, на 2755м јужно од референтната точка, на аеродромот, во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 363мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 363мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да доставите проектната документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство. ("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 – пречистен текст).*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-27/2 од 10.01.2023 година)

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, ou=VAT - 4030010516212, 2.5.4.97=NTRMK-6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=160951, title=vozduhoploven inspektor, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2023.05.12 12:40:30 +02'00'

4. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
Графички дел

Услови за планирање и Решение

1. Ситуација со пошироко опкружување
2. Сателитска снимка
3. Поставеност на проектниот опфат во однос на важечкиот Урбанистички План за Село Бардовци (одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 год.)
4. Ажурирана геодетска подлога
5. Карта на изграден градежен фонт, комунална супраструкутра и комунална инфраструктура

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 789/2023

Дата 13 -04- 2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Карпош се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци, општина Карпош.**

Површината за која се издаваат Условите за планскиот опфат изнесува 0,41 Ха.

Планскиот опфат граничи со опфат на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Бардовци, општина Карпош, со тех.бр.Y23413.
Видот на пласнката документација да се усогласи со Законот на урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y03023** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци, општина Карпош, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци, општина Карпош потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивн а основа.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Планскиот опфат зафаќа земјиште од II, III и IV – класа. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита за земјоделското земјиште, а особено стритното органичување на трансформацијата на семјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци, општина Карпош, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Карпош, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 48593 од 11.01.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци, општина Карпош.Површината за која се издаваат Условите за планскиот опфат изнесува 0,41 Ха.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци, општина Карпош и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 789/2023 од 06.04.2023 година.

Условите за планирање на просторот **со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци, општина Карпош** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнациска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци

ОПШТИНА КАРПОШ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y03023

Скопје,април 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци

ОПШТИНА КАРПОШ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Карпош

Тех. бр. Y03023

Раководител на задачата:
Валентина Христова Стефановска, д. н.

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Агенција за планирање на просторот
по Овластување на Директорот
бр. 0306-704/1 од 24.03.2023

д-р Лидија Трпеноска Симоновиќ

Скопје,април 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, КП 478/1, КП 478/2, КП 479/1 и КП 480/1, КО Бардовци

ОПШТИНА КАРПОШ

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на Општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**,

предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот**.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај, Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување на делови од КП 477/1, 478/1, 478/2, 479/1 и 480/1, КО Бардовци, Општина Карпош. Површината за која се издаваат Условите за панскиот опфат изнесува 0,41 ha.

Планскиот опфат граничи со опфат на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Бардовци, Општина Карпош, со тех.бр.Y23413.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.** Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување.** Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење**, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

УП за село Бардовци-Y23413



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и други карактеристики на подрачјето.

Предметната локација во КО Бардовци, Општина Карпош. се наоѓа северно од населеното место Бардовци на надморска височина од 290 метри.

Геотектонски и инженериско-геолошки карактеристики

Од тектонски аспект, Скопската Котлина претставува депресија, ограничена од сите страни со ридски и планински терени кои се изградени од карпи со различна старост, почнувајќи од камбриум па се до неоген. За разлика од нив, самата депресија е изградена од неогено-квартерни седименти, при што од неогени седименти се изградени ритчестите терени во депресијата, а од квартерните седименти се изградени алувијалните и алувијално-пролувијалните наслаги по течението на Вардар и нејзините притоки.

Скопското епицентрално подрачје припаѓа на Вардарската сеизмогена зона која е дефинирана со најмобилната тектонска единица во Балканскиот регион - Вардарската зона, во која што алпските орогени процеси биле многу изразити, а истите продолжуваат и во неотектонската етапа.

Скопското епицентрално подрачје се наоѓа во зоната на вкрстување на раседите од Вардарски правец и од правец исток-запад. Овие раседи доминантно се карактеризираат со вертикално, меѓутоа и хоризонтално поместување од лева насока. Епицентралното подрачје Скопје е формирано во геодинамички услови на компресија од исток-североисток и дилатација долж правецот север-северозапад. Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа на границата на зоната изложена на потреси од 8 до 9^0 по Меркалиевата скала.

Клима

Ова подрачје е под влијание на континентална **средоземна клима**. Тука се судираат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими како и суви и жешки лета.

Теренот е изложен на западниот (W) и западно југозападниот (WSW) ветар. Со најголема честина е западниот ветар од 180‰ и со брзина од 2,6m/s, па западно југозападниот (WSW) ветар со честина од 123‰ и со брзина од 2,7m/s, северозападниот (NW) со честина од 120‰ и брзина од 4,2m/s, западно северозападниот (WNW) 112‰ и брзина од 3,0m/s, источен југоисточен (ECE) 84‰ и брзина од 2,8m/sek, север северозапад (NNW) 80‰ и брзина од 3,7m/s, југоисточен 62‰ и брзина од 2,2m/s и источниот со честина од 41‰ и брзина од 2,8m/s. Другите правци се со помала честина, а најмала е тишината со 7‰. Температурите на воздухот се со идентични вредности како во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули со тоа што поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 22 денови и се карактеристични утринските мразеви до крајот на април. Просечниот атмосферски притисок на годишно ниво

изнесува 981,4HPa. Вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 446,4mm со максимум во ноември мај и јуни. Сушниот период трае од јули до септември со често појава на сушни периоди подолги од 60 дена. Просечен број на ведри денови во текот на годината има 83, а тмурни денови 91. Релативната влажност на воздухот изнесува 67%.

Просечната годишна температура изнесува 12,7^{0}C, просечната годишна максимална температура 18,1^{0}C, а минималната 7,1^{0}C. Апсолутно максимална температура е измерена на 24.07.2007год. и изнесувала 43,4^{0}C, а апсолутно минимална температура изнесувала -21^{0}C на 13.01.1985год.

Податоците се од мерната станица Зајчев Рид.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Скопје со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот. Со "Просторниот план на Република Македонија" дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за општината каде припаѓа планскиот опфат на локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот е развојната оска "Север-југ" која минува по средината на територијата на земјата, следејќи го од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема **атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.**

Реализација на документацијата со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Бардовци, Општина Карпош, согласно предвидените намени, ќе биде во функција на поттикнување на развојот на туристичките активности. При тоа, да се имаат предвид определбите од "Просторниот план на Република Македонија" кои базираат на законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;
- Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменета на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на РС Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебарско".

Просторот наменет за викенд куќи и други објекти за времено сместување во КО Бардовци, Општина Карпош, припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) „Скопје", кое го опфаќа сливот на реката Вардар од водомерниот профил „Радуша" до вливот на реката Пчиња во р. Вардар. Ова ВП ги опфаќа сливовите на водотеците Маркова Река, Кадина Река, Лепенец и Серава. Со ова ВП сливот на реката Треска не е опфатен.

За целосно искористување на хидроенергетскиот потенцијал на површинските водотеци во ВП „Скопје", се предвидува изградба на акумулациите Палиград и Гомалево на Кадина Река и Бразда на Кучевишка Река.

Градот Скопје и околните населени места се водоснабдуваат од изворот Рашче и бунарите Нерези - Лепенец.

Бунарското подрачје Нерези - Лепенец го зафаќа поширокото подрачје на вливот на река Лепенец во река Вардар. Овој изворник за градот Скопје и населените места во регионот е од посебно значење поради големото расположливо водно количество (околу 1/3 од вкупните сегашни потреби), квалитетот на водата, близината до потрошувачите и можноста за делумна замена на изворот Рашче во случај на природна или техничка катастрофа на зафатот и на цевководите.

Врз основа на правците на движење на подземните води одредени се заштитни зони и режими на заштита во зоните („Одлука за утврдување на границите на заштитните зони на бунарското подрачје Нерези – Лепенец", сл. гласник бр. 14/99):

- Првата I заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) ограден е со физичка ограда на бунарите; на десна страна на р. Вардар со дел од лев брег на р. Вардар, устие на р. Лепенец, непосредна околина на р. Лепенец до железничка пруга Тетово - Скопје.
- Втората II заштитна зона е зона на санитарно ограничување и ја опфаќа поширокатa околина по течение на р. Лепенец и р. Вардар.
- **Третата III заштитна** е зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување и го опфаќа сливот на р. Лепенец, возводно на север до падините на Скопска Црна Гора и дел од сливот на р. Вардар.

Просторот кој е наменет за семејни куќи за времен престој-викенд куќи во КО Бардовци, Општина Карпош, се наоѓа во **третата заштитна зона** на бунарите Нерези - Лепенец,

Во третата заштитна зона се забранува:

- Експлоатација на шљунак, песок, камен и користење на земјиштето на начин и обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, квантитетот и режимот на површинските и подземните води;
- Директно испуштање на отпадни води во отворените водотеци;
- Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- Испуштање масла, киселини и други штетни, опасни и радиоактивни материи.
- Испуштање на отпадни во отворени корита се дозволува после нивно пречистување спрема критериумите за водотеците од II класа на профилот на испуштањето.
До локацијата нема постоен регуларен сообраќаен пристап. Оттаму, согласно Член 58 став (2) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија " број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23), со предложениот урбанистички проект вон опфат на урбанистички план ќе се уреди и сообраќајниот пристап, со предвидување на пристапна улица трасирана низ КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 479/1, 478/11 и 480/1, КО Бардовци, а која се надоврзува на сообраќајното решение од важечкиот УПС Бардовци. Пристапната улица ќе биде планирана како земјиште за општа употреба, со профил од 5,5m, односно со профил кој ќе овозможи непречен двонасочен сообраќај. Пристапната улица е целосно опфатена со проектниот опфат.

Пристапната улица ќе се поврзе со планираната станбена улица „Е" од важечкиот УПС Бардовци. Истата е трасирана на начин со кој се запазува востановениот правец на движење од претходно планирната крстосница помеѓу станбените улици „Е" и „Новопланирана улица 5", односно ќе се оформи правилна крстосница на ниво.

Дел од земјиштето кое е зафатено со предвидената пристапна улица не е во сопственост на Инвеститорите, но обезбедени се нотарски заверени изјави за согласност од сите сосопственици.

Во рамките на градежната парцела треба да се овозможи непречен пристап за пешаци и возила до предвидените градби.

Стационарниот сообраќај да се димензионира согласно Член 134 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23):

- А4 – Времено сместување: 1 паркинг место на 8 легла.

Сите паркинг простори и пристапите до истите да се димензионираат согласно пропишаните димензии со членовите 127 – 135 и 195 од Правилникот.

Доколку просторот дозволува, може да се предвидат и повеќе паркинг места.

2.3.2. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Во оваа фаза на подготовка нема сознанија за постојна хидротехничка инфраструктура во рамките на проектниот опфат.

Решенијата за водоснабдување и одвод на отпадните фекални и атмосферски води ќе се утврдат при понатамошната изработка, а по обезбедување на податоци и информации од надлежните комунални претпријатија. Да се земат во обзир и претходно планираните инфраструктуни водови со важечкиот УПС Бардовци.

2.3.3. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Во оваа фаза на подготовка нема сознанија за постојна електротехничка инфраструктура во рамките на проектниот опфат.

Начинот на поврзување на градбите кон електроенергетската мрежа и телекомуникациската мрежа, ќе се одредат во постапката на изработка на урбанистичкиот проект, во соработка со стручните служби на комуналните претпријатија кои стопанисуваат со инфраструктурата.

2.4. МЕТОДОЛОГИЈА

Урбанистичкиот проект да се изработи согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23), Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 272/22 и 111/23), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање („Службен весник на Република Македонија" број 60/12, 29/15, 32/16, 114/16 и 211/20) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива од областа на урбанизмот и проектирањето.

Согласни,
Нарачатели / Баратели за одобрување на УП:

Владимир Штрбац

Илија Деспотовски

Изработил:

Иво Ѓорѓиев, дипл. инж. арх.

5.2 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежните парцели, во која е утврден простор определен со градежни линии

Предмет на изработка ќе биде оформување на нови градежни парцели: 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5 и 1.6 и површина за градба, а во согласност со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање ќе се одредат катноста на градбата, површината за градба, комплементарните намени, сообраќајните пристапи и инфраструктурни потреби.

Опфатот кој е предмет на оваа урбанистичко-проектна документација, зафаќа дел од кп 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци и припаѓа на територијата на Општина Карпош.

А4.3 – Викенд куќи

•	Површина на проектен опфат	4257	м^2
•	Површина во рамки на регулациона линија	2459	м^2
	Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (земјиште за општа употреба надвор од ГП)	1798	м^2

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.1

•	Површина на градежна парцела	406	м^2
•	Површина под градба	108	м^2
•	Бруто развиена површина	325	м^2
•	Процент на изграденост во ГП	26,7	%
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,80	
•	Зеленило во ГП	191	м^2 (46,9%)
•	Сообраќајни површини во ГП	107	м^2

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.2

•	Површина на градежна парцела	421	м^2
•	Површина под градба	108	м^2
•	Бруто развиена површина	325	м^2
•	Процент на изграденост во ГП	25,7	%
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,77	
•	Зеленило во ГП	191	м^2 (45,4%)
•	Сообраќајни површини во ГП	122	м^2

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.3

•	Површина на градежна парцела	393	м^2
•	Површина под градба	108	м^2
•	Бруто развиена површина	325	м^2
•	Процент на изграденост во ГП	27,6	%
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,83	
•	Зеленило во ГП	163	м^2 (41,5%)
•	Сообраќајни површини во ГП	121	м^2

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.4

•	Површина на градежна парцела	407	м^2
•	Површина под градба	108	м^2
•	Бруто развиена површина	325	м^2
•	Процент на изграденост во ГП	26,7	%
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,80	
•	Зеленило во ГП	186	м^2 (45,8%)
•	Сообраќајни површини во ГП	112	м^2

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.5

•	Површина на градежна парцела	435	м^2
•	Површина под градба	108	м^2
•	Бруто развиена површина	325	м^2
•	Процент на изграденост во ГП	24,9	%
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,75	
•	Зеленило во ГП	201	м^2 (46,1%)
•	Сообраќајни површини во ГП	126	м^2

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.6

•	Површина на градежна парцела	396	м^2
•	Површина под градба	108	м^2
•	Бруто развиена површина	325	м^2
•	Процент на изграденост во ГП	27,4	%
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,82	
•	Зеленило во ГП	163	м^2 (43,1%)
•	Сообраќајни површини во ГП	124	м^2

Нумерички показатели

Билансни показатели

Споредбени билансни показатели

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ				
документациона основа				
опфат	намена на површини	класа на намена	површина на парцели	процент
	-	шифра	m2	%
	неизградено земјиште	Н3	4257m2	100.0%
ВКУПНО	-	-	4257m2	100.0%

проектна документација				
опфат	намена на површини	класа на намена	површина на намени	процент
	-	шифра	m2	%
	Викенд куќи	А4.3	651m2	15.3%
	зеленило во ГП	-	1095m2	25.7%
	сообраќајни и пешачки површини во ГП	-	712m2	16.7%
	сообраќајни патни инфраструктури (земјиште за општа употреба надвор од ГП)	Е1.1	1798m2	42.2%
ВКУПНО ОПФАТ			4257m2	100.00%

Сообраќајна и комунална инфраструктура

Сообраќаен план

На геодетската подлога, изработена од овластена фирма ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

Пристапот во локацијата ќе се овозможи од северната страна преку претходно планирана сообраќајница со Урбанистички План за Село Бардовци (одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 год.) профил 1 – Станбена Улица „Е“ на која се надоврзува планирана пристапна улица со ширина 5,5м. Планираниот пристап до градежните парцели и внатрешниот сообраќај во рамки на опфатот детално се разработени во графичките прилози на Урбанистичкиот проект.

За потребите на градежните парцели се обезбедени по две (2) места за паркирање или вкупно дванаесет (12) во рамките на опфатот.

Нултата кота на градбите се одредува од котата на пристапната улица и за секоја градба поединечно се означени во графичките прилози. Максималните висини на градбите не ја надминуваат максимално дозволената кота +363,0мвн дефинирана во дописот од Агенција за цивилно воздухопловство. Максималната височина на нултата плоча во однос на теренот во приземјето е +1,20m. Нултата плоча не може да биде под котата на теренот.

Дефинирана е подземна градежна линија за градежните парцели и истите се прикажани во графичките прилози.

Обезбеден е сообраќаен пристап со простор за манипулација на ПП возило, а просторот е пристапен и за теренско возило за интервенции за време за доградба на објектот.

Сите елементи во хоризонтала се димензионирани според Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/1, 166/14 и 44/15) и презентирани во графички прилог.

Нивелациски план

Нивелетата на внатрешните сообраќајници се надоврзува на планираната нивелација на пристапната улица од соседниот Урбанистички проект, која пак од своја страна се надоврзува на планираната нивелација од постојниот важечки УПС Бардовци (Одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014).како и постојната состојба на теренот на лице место.

Хидротехничка инфраструктура

Планираните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација се изработени врз основа на следните подлоги и податоци:

- Согласно заклучните согледувања во Условите за планирање на просторот
- Постојна состојба на водовод и канализација
- Нивелационо решение на улиците
- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Водоснабдување

Во непосредна близина на опфатот на југо-западната страна има изведена постојна водоводна мрежа која е дел од градскиот снабдителен систем на ЈП Водовод и канализација со профил од Ф100мм. Истата треба да се надогради и реконструира. До изведба на водоводна мрежа градбата може да се снабдува со вода од сопствен бунар и резервоар.

Предвидени се траси на новопланирана водоводна мрежа долж сообраќајните профили со профили Ф150мм.

Потребна количина на вода за градби од времено сместување:

Nk - број на вработени/корисници = 20 посетители

Qx - водоснабдителна норма; Qa = 40 l/ден/вработен.

a2 = коефициент на часова нерамномерност; a2 = 2,0
Qmax/h= (Nk x Qa x a2)/ 86400 = (20 x 40 x 20)/86400 = 0,185l/s

Одведување на отпадни води

Фекална канализација

Во близина на локацијата нема изведена фекална канализација. До изведба на фекална канализација за населеното место, одведувањето на фекалните води да се реши во сопствената локација со септички јами со поивателен бунар. За новопланираната градба треба да се пресмета капацитетот за јама и попивателниот бунар. Јамата треба да биде водонепропусна од полипропилен или полиетилен според сите прописи за ваков тип на градби. Отпадната вода од јамата се испушта во попивателен бунар за кој е потребно празнење на составот на одредени временски интервали. Точните спецификации за новопроектираната градба да се одредат со проектна документација – основни проекти.

Предвидени се траси на новопланирана фекална мрежа со профили од Ф250мм кој ќе се приклучат во иднина на фекален колектор кој ќе биде во можност да ги прифати.

Количина на фекална отпадна вода:

$$qfek = \frac{0.8\text{xNk x Q x a1 x a2 x 1.2}}{24 * 60 * 60}$$

q_{fek}= (0.8 x 20 x 40 x 1,5 x 1,3 x 1,2) / 86400 = 0.057 l/sec

Атмосферски води

Во близина на локацијата нема изведена атмосферска канализација. До изведба на атмосферска канализација, одведувањето на атмосферските води ќе биде според падот на теренот до најблискиот реципиент. Одведувањето на атмосферските води во рамките на градежната парцела е решено според нивелетата на пристапните улици и ќе се приклучи на планирана траса на атмосферска канализација која ќе биде во можност да ги прифати според падот на теренот.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент:

F – вкупна сливна површина (ха) 0,43ха
q_i – специфичен истек (110)
Ψ - просечен коефициент на истекување (0.5)

$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\sec)$ = 0,43 x 110 x 0,5 = 23,65 л/сек

Електроенергетски потреби

Согласно добиеното писмо од ЕВН има постојни ЕЕ инсталации западно во непосредна близина на проектниот опфат. Потребите за новопредвидената градба се димензионираат според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот.

За градби од времено сместување 1kW/Nk
P_{en} =20nk × 1kW/ha = 20kW.

Хортикултура

Согласно Законот за урбано зеленило („Сл. весник на РМ" бр. 11/18, 42/20), пристапено е кон хортикултурно решение кое е во согласност со погоре наведениот закон, односно во парцелата е планирано минимум 20%. Во графичкиот дел е прикажано планираното партерно решение за градежната парцела со високо и ниско зеленило, кое изнесува 35,4%.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	параметри
ПОВРШИНА НА ГП (m2)	2459m2
ПОВРШИНА ПОД ОБЈЕКТИ (m2)	651m2
ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (m2)	1952m2
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	15.3%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0.46
СООБРАЌАЈНИ И ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ ВО ГП (m2)	712m2
ЗЕЛЕНИЛО ВО ГП (m2)	1095m2
Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (m2) (земјиште за општа употреба надвор од ГП)	1798m2
ОПФАТ	4257m2

5.3 Детални услови за проектирање и градење

1. Условите и графичките прилози се составен дел од проектот и имаат правни дејности само врз градителска активност која ќе следи по усвојување на Урбанистичкиот проект.
2. Условите се применуваат во рамките на утврдената граница на проектниот опфат, и се однесуваат на оформување на градежните парцели: 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5 и 1.6.
3. Во табеларниот приказ што е составен дел на проектот, прикажана е секоја градежна парцела дефинирана со:
    - број на градежна парцела;
    - површина на градежна парцела (м^2)
    - површини за градење (м^2)
    - процент на изграденост (%);
    - вкупна површина по катови (м^2)
    - коефициент на искористеност (К);
    - намена на земјиштето и градбите;
    - мах. Висина до вене и слеме на градбата (м’);
    - мах. број на катови;
    - потребен број на паркинг места.

    Со проектот се одредени следните услови:
    - облик и големина на градежна парцела (м^2);
    - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
    - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м^2);
    - процент на изграденост (%);
    - вкупна површина по катови (м^2);
    - коефициент на искористеност (к);
    - намена на објектот;
    - мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-
    - мах.висина на венец и слеме (м’);
    - мах.број на катови;
4. Урбанистичкиот проект структурно се состои од плански и од проектен дел. Проектниот дел содржи Идеен проект за новопредвидените градби.
5. Доколку во понатамошните фази се појави потреба за изменување на проектните решенија за градежните парцели, потребно е да се изработат нови идејни проекти, без потреба на изработување на нов урбанистички проект. Во ваков случај идејниот проект ќе се изработува согласно Член 48-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и подзаконските прописи донесени врз основа на овој Закон. Со новите проектни решенија потребно е да се почитуваат условите зададени со Планскиот дел на овој Урбанистички проект.
6. Во понатамошните фази на реализација за градежните парцели, по издадено одобрение за градење, во текот на изградбата можат да се направат измени на градбата, доколку со измените не се влијае на исполнување на кое било основно барање за градбата и не се менува усогласеноста на градбата со параметрите од Планскиот дел од овој Урбанистички проект.

Во ваков случај се постапува согласно Член 69 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), односно Инвеститорот е должен да поднесе барање со дополнување на основниот проект, во сè согласно пропишаното со членот 69, без потреба од изработка на нов Урбанистички проект и без потреба од изработка на нови идејни проекти.

7. Намената на градежните парцели е зададена со Проектната програма и издадените Услови за планирање на просторот и истата е одредена како:

   А4.3 – Вукенд куќи

   Со овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се планираат и дозволени компатибилни намени во однос на утврдената примарна намена, а во согласност со Член 81 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Дозволени компатибилни намени се:

   - **Б1.1** – Дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство (до 30%)
   - **Б1.2** – Работилници за поправка на предмети и уреди, сервиси за чистење облека и други сервиси (до 30%)
   - **Б1.3** – Продавници за храна, минимаркети, гранапи и други продавници (до 30%)
   - **Б1.5** – Ресторани, кантини, кафеани, ќебачилници, сендвичари (до 30%)
   - **Б1.6** – Кафулиња, мали барови, бифеа, бистроа, пивници и пивски подруми, винарии и вински подруми (до 30%)
   - **Б1.7** – Слаткарници, патисерии, продавници на бели печива, мали пекари и фурни (до 30%)
   - **Б1.8** – Банкарски експозитури, канцеларии за финансиски услуги, менувачници (до 30%)
   - **Б1.9** – Пошти, поштенски канцеларии, канцеларии за прием на пратки (до 30%)
   - **Б1.10** – Канцеларии за консалтинг и интелектуални услуги (до 30%)
   - **Б1.11** – Адвокатски, нотарски и извршителски канцеларии (до 30%)
   - **Б1.12** – Аптеки, продавници за козметика (до 30%)
   - **Б1.13** – Мали ординации од сите медицински и стоматолошки области (стоматолошки, физиотерапевтски и слично) (до 30%)
   - **Б1.15** – Козметички салони, студија за нега на телото и слично (до 30%)

   Максималната застапеност на секоја од компатибилните намени во однос на примарната намена е дадена како вредност во загради на горната листа. Максималната застапеност на збирот на компатибилните намени (доколку се употребуваат повеќе истовремено) во однос на примарната намена изнесува **40%**.

8. Во рамките на проектниот опфат може да се појават и сите комплементарни намени кои ја дополнуваат утврдената примарна намена на градежната парцела и градбата и служат за нивно дополнување и функционално комплементирање, а во сè во склад со одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Вакви можни комплементарни намени се:

   - деловите од градежната парцела и градбите што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање,

- површините под зеленило,
- деловите од парцелата и градбите што се неопходни за комуналните инфраструктури, градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена,
- угостителските функции и прехраната во времениот престој.

9. За новопредвидените градби зададена е кота на терен во однос на која се поставува нултата плоча и во однос на која се мери максимално дозволената височина на градбата до хоризонталниот венец, изразена во м.н.в. (метри надморска височина), а одредена согласно нивелетското решение на внатрешниот сообраќај и постојниот терен. При изработка на основни проекти за градбите дозволени се минимални отстапувања од оваа зададена вредност од ± 0,50m.

10. Максималната височина на нултата плоча во однос на теренот во приземјето е +1,20m. Нултата плоча не може да биде под котата на теренот.

11. Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбата и тоа:

    - кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
    - оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации и
    - сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот,

    а во сè во согласност со Член 126 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

12. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела се решени во рамките на сопствената парцела. Потребниот минимален број на паркинг места се димензионира согласно Член 134 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22) соодветно на намената А4 – Викенд куќи.

    Со урбанистичкото решение за стационарен сообраќај од овој урбанистички проект, предвидени се по две (2) паркинг места за патнички автомобили по градежна парцела, а согласно просторните можности и добиените насоки од Инвеститорот зададени со Проектната програма. При изработка на основните проекти, решението за стационарен сообраќај ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се предвиди и различен број на паркинг места, но истиот не смее да биде помал од предвидениот со ова проектно решение.

13. Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

    Со предлог партерното уредување на градежната парцела и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под ниско, средно и високо зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на озеленетост на градежната парцела. При изработка на основните проекти, решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано

зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20).

Оваа одредба станува составен дел на условите за градење.

14. Зададените вредности со урбанистичкото решение од Планскиот дел на овој Урбанистички проект за површина на градење, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност и височина до хоризонталниот венец на градбите се максимално дозволени вредности. При изработката на основните проекти за новопредвидените градби, може да се проектира градба и со помала површина, при што не смее да ги надмине овие максимални вредности и не смее да отстапува надвор од зададените градежни линии, односно граници на површината за градење.

15. За градежните парцели изработено е и предлог на партерно уредување. Истото ќе се доразработи при изработката на основниот проект за секоја градежната парцела, односно ќе се усогласи со проектното решение за градбата од тој проект.

    Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места од комуналната инфраструктура. При изработка на основни проекти трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за инфраструктурата од тој проект.

16. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

17. За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнер за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија, со што ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

18. Уличното осветлување да се планира со поставување на светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.

19. Во проектниот опфат да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои ќе емитираат радио сигнали, ласерски сигнали или светлосни снопови;

20. Во близина на локацијата нема изведена фекална канализација. До изведба на фекална канализација за населеното место, одведувањето на фекалните води да се реши во сопствената локација со септички јами со поивателен бунар. За новопланираната градба треба да се пресмета капацитетот за јама и попивателниот бунар. Јамата треба да биде водонепропусна од полипропилен или полиетилен според сите прописи за ваков тип на градби. Отпадната вода од јамата се испушта во попивателен бунар за кој е потребно празнење на составот на одредени временски интервали. Точните спецификации за новопроектираната градба да се одредат со проектна документација – основни проекти.

    Предвидени се траси на новопланирана фекална мрежа со профили од Ф250мм кој ќе се приклучат во иднина на фекален колектор кој ќе биде во можност да ги прифати

Според Урбанистичкиот проект просторот е планиран со намена А4.3 – викед куќи со следните параметри:

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.1

•	Површина на градежна парцела	406	м^2	
•	Површина под градба	108	м^2	
•	Бруто развиена површина	325	м^2	
•	Процент на изграденост во ГП	26,7	%	
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,80		
•	Зеленило во ГП	191	м^2	(46,9%)
•	Сообраќајни површини во ГП	107	м^2	

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.2

•	Површина на градежна парцела	421	м^2	
•	Површина под градба	108	м^2	
•	Бруто развиена површина	325	м^2	
•	Процент на изграденост во ГП	25,7	%	
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,77		
•	Зеленило во ГП	191	м^2	(45,4%)
•	Сообраќајни површини во ГП	122	м^2	

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.3

•	Површина на градежна парцела	393	м^2	
•	Површина под градба	108	м^2	
•	Бруто развиена површина	325	м^2	
•	Процент на изграденост во ГП	27,6	%	
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,83		
•	Зеленило во ГП	163	м^2	(41,5%)
•	Сообраќајни површини во ГП	121	м^2	

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.4

•	Површина на градежна парцела	407	м^2	
•	Површина под градба	108	м^2	
•	Бруто развиена површина	325	м^2	
•	Процент на изграденост во ГП	26,7	%	
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,80		
•	Зеленило во ГП	186	м^2	(45,8%)
•	Сообраќајни површини во ГП	112	м^2	

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.5

•	Површина на градежна парцела	435	м^2	
•	Површина под градба	108	м^2	
•	Бруто развиена површина	325	м^2	
•	Процент на изграденост во ГП	24,9	%	
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,75		
•	Зеленило во ГП	201	м^2	(46,1%)
•	Сообраќајни површини во ГП	126	м^2	

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.6

•	Површина на градежна парцела	396	м^2	
•	Површина под градба	108	м^2	
•	Бруто развиена површина	325	м^2	
•	Процент на изграденост во ГП	27,4	%	
•	Коефициент на искористеност во ГП	0,82		
•	Зеленило во ГП	163	м^2	(43,1%)
•	Сообраќајни површини во ГП	124	м^2	

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4.3 – Викенд куќи на делови од КП 478/2, 478/11 и 479/1 и пристапна улица на делови од КП 477/1, 477/2, 478/1, 478/2, 478/11, 479/1 и 480/1, КО Бардовци, Општина Карпош

површина на опфат		број на парцела	број на градба	поединечна класа на намена	компатибилна намена	максимална висина на градба	број на спратови	површина на парцела	поединечна површина на наменска употреба на земјиштето	поединечна застапеност во однос на вкупната површина	површина под градба /м2/	бруто површина за градба /м2/	зеленило во градежни парцели		сообраќајни и пешачки површини во градежни парцели		процент на изграденост	коефициент на искористеност
4257 m2	Парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба	1.1	1.1	А4.3 – Викенд куќи	Б1.1 до 30%, Б1.2 до 30%, Б1.3 до 30%, Б1.5 до 30%, Б1.6 до 30%, Б1.7 до 30%, Б1.8 до 30%, Б1.9 до 30%, Б1.10 до 30%, Б1.11 до 30%, Б1.12 до 30%, Б1.13 до 30% и Б1.15 до 30% збирот до максимум 40%	10.50	П+2	406 m2	108 m2	26.7%	108 m2	325 m2	191 m2	46.9%	107 m2	26.4%	26.7%	0.80
		1.2	1.2	А4.3 – Викенд куќи	Б1.1 до 30%, Б1.2 до 30%, Б1.3 до 30%, Б1.5 до 30%, Б1.6 до 30%, Б1.7 до 30%, Б1.8 до 30%, Б1.9 до 30%, Б1.10 до 30%, Б1.11 до 30%, Б1.12 до 30%, Б1.13 до 30% и Б1.15 до 30% збирот до максимум 40%	10.50	П+2	421 m2	108 m2	25.7%	108 m2	325 m2	191 m2	45.4%	122 m2	28.9%	25.7%	0.77
		1.3	1.3	А4.3 – Викенд куќи	Б1.1 до 30%, Б1.2 до 30%, Б1.3 до 30%, Б1.5 до 30%, Б1.6 до 30%, Б1.7 до 30%, Б1.8 до 30%, Б1.9 до 30%, Б1.10 до 30%, Б1.11 до 30%, Б1.12 до 30%, Б1.13 до 30% и Б1.15 до 30% збирот до максимум 40%	10.50	П+2	393 m2	108 m2	27.6%	108 m2	325 m2	163 m2	41.5%	121 m2	30.8%	27.6%	0.83
		1.4	1.4	А4.3 – Викенд куќи	Б1.1 до 30%, Б1.2 до 30%, Б1.3 до 30%, Б1.5 до 30%, Б1.6 до 30%, Б1.7 до 30%, Б1.8 до 30%, Б1.9 до 30%, Б1.10 до 30%, Б1.11 до 30%, Б1.12 до 30%, Б1.13 до 30% и Б1.15 до 30% збирот до максимум 40%	10.50	П+2	407 m2	108 m2	26.7%	108 m2	325 m2	186 m2	45.8%	112 m2	27.6%	26.7%	0.80
		1.5	1.5	А4.3 – Викенд куќи	Б1.1 до 30%, Б1.2 до 30%, Б1.3 до 30%, Б1.5 до 30%, Б1.6 до 30%, Б1.7 до 30%, Б1.8 до 30%, Б1.9 до 30%, Б1.10 до 30%, Б1.11 до 30%, Б1.12 до 30%, Б1.13 до 30% и Б1.15 до 30% збирот до максимум 40%	10.50	П+2	435 m2	108 m2	24.9%	108 m2	325 m2	201 m2	46.1%	126 m2	29.0%	24.9%	0.75
		1.6	1.6	А4.3 – Викенд куќи	Б1.1 до 30%, Б1.2 до 30%, Б1.3 до 30%, Б1.5 до 30%, Б1.6 до 30%, Б1.7 до 30%, Б1.8 до 30%, Б1.9 до 30%, Б1.10 до 30%, Б1.11 до 30%, Б1.12 до 30%, Б1.13 до 30% и Б1.15 до 30% збирот до максимум 40%	10.50	П+2	396 m2	108 m2	27.4%	108 m2	325 m2	163 m2	41.3%	124 m2	31.3%	27.4%	0.82
		Вкупно градежни парцели:						**2459 m2**	**651 m2**	**-**	**651 m2**	**1952 m2**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**
	Земјиште за општа употреба (надвор од ГП)	Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (земјиште за општа употреба надвор од ГП)			-	-	-	1798 m2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
		Вкупно проектен опфат:						**4257 m2**	**651 m2**	**15.3%**	**651 m2**	**1952 m2**	**1095 m2**	**25.7%**	**712 m2**	**16.7%**	**15.3%**	**0.46**

5.4 Мерки за заштита на животна средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина.

Можни закани по животната средина на предметниот простор се:

- нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи;
- зголемени нивоа на бучава и вибрации; и
- несоодветно управување со отпадот.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Уредување на објектите со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

Заштита на природното наследство

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност), документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;

- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16,113/18 и 151/21) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на локацијата нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;

Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж; Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;

- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот зазаштита на природата.

Заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. (Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и

долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник. Можностите за загадување на почвата и на водата се елиминирани со прифќање на фекалните и атмосферските води и поставувањето на сепаратор за собирање на нечистотиите и маснотиите од водите контаминирани со масла и горива (технолошки води).

Мерки за заштита на водите

- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надрележ за вршење на работите од областа на животната средина.
- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оптетуваат објектите и постројките.
- Изведувањето на активностите треба да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
- Да се спроведат сите неопходно технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.
- Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.
- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третмат на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредба за категоризација на водотеци, езера, акумулации и подземни води и Уредба за класификација на водите.

Заштита на почвата

Со проектите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди. Можностите за загадување на почвата и на водата се елиминирани со прифќање на фекалните и атмосферските води и поставувањето на сепаратор за собирање на нечистотиите и маснотиите од водите контаминирани со масла и горива (технолошки води).

Заштита на животната средина преку организирано прифаќање на цврстиот отпад

Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија. Мерки за намалување или спречување на штетни влијанија во редовни услови и во случајни инциденти. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија, со што ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

5.5 Мерки за за заштита и спасување

Согласно Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) и Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16, 168/17), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.М.“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) и Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16, 168/17), како и: Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (Сл.весник на Р.М. бр.98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ бр.105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- тстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

- Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.

- Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
- Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
- Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
- Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на Р.М. бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), а во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно добиениот допис од ДЗС и согласно член 61 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) се предвидуваат:

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16, 168/17) и Уредба за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари (Сл.в на Р.М. бр.98/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар

на градежните објекти (Сл.весник на Р.М. бр.94/09), и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од Ѓорче Петров. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

